# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор # 21

Октомври 2003

## ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учесници да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**4 Октомври**
**ЕЦМИ Регионална Канцеларија Скопје**
**Посета на Др. Марк Велер, Директор, ЕЦМИ**



Др. Марк Велер, Директор на ЕЦМИ во Фленсбург (Германија) ја посети ЕЦМИ Мисијата во Македонија помеѓу 4-ти и 6-ти Октомври.

Неговата посета започна со тренингот за Пишување Извештаи за Малцинствата кој се одржуваше во Охрид. Др. Марк Велер ја имаше улогата на тренер по покана на организаторите - Хуманитарната Организација На Ромите во Македонија "Сонце" . Проектот е финансиран од ЕЦМИ Националната Мрежа и Група за Малцинските Права.

Посетата продолжи со состанок во Регионалната Канцеларија Скопје со ЕЦМИ Тимот на кој Др. Марк Велер подетално се запозна со активностите на Регионалните Центри и членките на Мрежата. Стратегијата за понатамошен развој на Мрежата беше исто така разгледувана.

Истражувачкиот Тим на проектот "Кон Регионална Интеграција на Ромите во Република Македонија" исто така дадоја свое излагање за тековните и планираните активности.

Е-маил: ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**31 Октомври**
**ЕЦМИ Регионална Канцеларија Скопје**
**Посета од претставници на Норвешкото Кралско Министерство за надворешни работи**

Г-дн Брату – Заменик Генерален Директор за Западен Балкан во Норвешкото Кралско Министерството за надворешни работи, Г-дн Даг М. Халворсен – Амбасадор во Република Македонија, Г-дн Сигред Беј – Постар Советник и Г-ѓица – Проект Менаџер ја посетија ЕЦМИ Регионалната Канцеларија во Скопје.

За време на посетата Елизабета Марковска – Проект Менаџер ја презентираше ЕЦМИ Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија.

Презентацијата продолжи со Ибн Фридман – Истражувач соработник на ЕЦМИ на проектот во подготовка "Обезбедување на Имплементацијата на Охридскиот Договор преку Конкретни Акции". Посетата заврши со презентацијата на Роберт Рустем и Ѓултен Далипова – истражувачки асистенти на проектот "Кон Регионален Менаџмент на Интеграцијата на Ромите во Република Македонија".
E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk



## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**8 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Ден на Културна Пресентација на ЕЦМИ Регионалните Центри**
Ни лошите временски услови не успејаа да ги спречат посетителите од целава земја да ја проследат Културната Презентација на ЕЦМИ Центрите во Гостивар. Настанот кој се одржа во штотуку отворениот Амфитеатар беше преведуван на јазиците на сите етникуми кои живеат во овај регион.
Програмата во себе опфати Фолклорна група (Регионален Центар Штип), Пантомима (Регионален Центар Битола), Танцувачки театар, Модерен Балет и Рап изведба (Регионален Центар Тетово) и Рецитали на македонски, албански, турски и ромски јазик (Регионален Центар Гостивар).
Ова е прв настан од ваков тип но благодарение на неговата успешност ќе продолжи да се организира и во иднина како можност за културна презентација на ЕЦМИ Регионалните Центри.
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**10 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Трибина – Враќање на довербата во Тетово**



Во просториите на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово се одржа Трибина на тема Враќање на довербата во Тетово. Трибината е организирана од Форумот на Албанската жена во соработка со трите НВО, членки на Мрежата – "Хендикеп", "Мултикултура" и "Нова страна од животот".
Целта на овај настан беше да се потенцира потребата од враќање на довербата во овај регион кој беше еден од најпогодените од кризата во 2001 година. Се разговараше на неколку теми и тоа: потребата од меѓусебно запознавање со културата, обичаите и традицијата, изнаоѓање на различни начини за решавање на овај проблем како и потреба

од вклучување на локалните власти во целокупниот процес на враќање на довербата.
Трибината продолжи со дискусија за важната улога на семејството во воспитно – едукативниот процес на децата со цел враќање на меѓусебната доверба.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**15 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**
**Тркалезна маса "Партнерство помеѓу Медиумите и НВО – искуства и нови стратегии"**

Тркалезната маса "Партнерство помеѓу Медиумите и НВО – искуства и нови стратегии" се одржа во Хотел "Епинал" во организација на ЕЦМИ Регионалниот Центар Битола.
Учесници на тркалезната маса беа претставници од: НВО од Битола и Охрид, Медиумите, Локалната самоуправа, ЕЦМИ Регионалната Канцеларија во Скопје како и претставниците на ИТЗ, Швајцарската Амбасада и Шведската Амбасада.
Тркалезната маса ја отвори Дијана Горгиевска – Координатор на Регионалниот Центар Битола со кратко претставување на ЕЦМИ Мрежата во Република Македонија. Последователно Пеце Цветановски – фасцилитатор ја започна дискусијата за моменталната состојба на недоволна соработка помеѓу медиумите и невладиниот сектор. Се разговараше и за потребата од заеднички напор за зголемување на ефектот кај граѓаните од работата на НВО преку редовно информирање. На тој начин Медиумите и НВО ќе играат поголема улога во решавањето на локалните проблеми.
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**16 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**Донаторска Конференција**

Донаторска Конференција се одржа во Хотелот "Куманово" во организација на




ЕЦМИ Ресурсниот Центар Куманово. Ова е прва конференција која се организира во кумановскиот регион на која учествуваа претставници на СИДА – Шведска, Британската Амбасада, Швајцарска Амбасада, ЕУ, ОБСЕ, Градоначалникот на Тетово, Градоначалникот на Липково, Претставници на подрачните единици на Министерството за Образование и Министерството за Транспорт, Директори на локалните Школи и Медиуми, како и ЕЦМИ Тимот од Скопје и претставници на НВО членки на Кумановскиот Ресурсен Центар.
Оваа Конференција ги донесе заедно сите релевантни актери, локалните институции, НВОи и Медиумите за да дискутираат со Меѓународните Донаторски Организации за потребите на граѓаните на Куманово. Четри проекти за кој е птребна финансиска помош беа презентирани од страна на претставниците на членките на Мрежата. Целокупнот излагање на овие проекти беше заосновано на резултатите од претходно спроведените пилот проекти финансирани од ЕЦМИ НВО Мрежата.
E-mail:ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**18 - 19 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Штип**
**Работилница за Евалуација на Перформансите**

Работилницата за евалуација на перформансите на ЕЦМИ Регионалноиот Центар Штип се одржа во канцеларијата на Центарот. Иницијативата за оваа работилница ја дадоја самите членки со цел подобрување на одредени сегменти од нивната работа. Работилницата бесхе поделена на два дела со цел да се утврдат досегашните активности од една страна и да се увидат можностите за подобрувања од друга. На крајот беше утврдено дека изготвувањето на Акционен План 2003/04 кој во себе ќе ги имплементира заклучоците од оваа работилница ќе придонесе кон подобрување на перформанците на Регионалниот Центар Штип.
E-mail:ecmishtip@ecmingonet.org.mk

**18 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**
**Манифестација ЦРВЕН КОД**

Како дел од Проектот "Херои и Антихерои" манифестација под името Црвен Код се одржа на терасата на Домот на Културата, Битола. Ова е последна активност од кампањата против насилството помеѓу младите организирана од Младински културен центар во партнерство со Здружение на Ромите од Битола „Баирска светлина",Група ФЕЛИКС, Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција „Аурора", Асоцијација на отворени комуникции.
Настанот започна со Прес конференција на која се апелираше за рестрикција во емитувањето на информативните и забавните емисии. Програмата која следеше се состоеше од: изложбен дел каде беа презентирани матерјали на тема ненасилство меѓу младите од страна на Регионалните НВО Центари Штип и Скопје, танцувачка претстава на претставниците на Регионалниот НВО Центар Битола и детска ликовна изложба на тема ненасилство од страна на претставниците на Регионалниот НВО Центар Скопје. На манифестацијата се придружи и групата "Младински Актив" од цредното школо "Јосип Брос Тито", Битола. Манифестацијата ЦРВЕН КОД заврши со концерт на Рок Групата "Памперс", Битола.
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

## Вести од членките на Мрежата

**10 Октомври**
**Младински Културен Центар Битола**
**Трибина – Насилството и Медиумите**

Во салата на Универзитетската Библиотека "Св. Климент Охридски", Битола се одржа трибина на тема - Медиумите и Насилството како дел од Проектот "Херои и Антихерои". Организатор е Младинскиот Културен Центар во соработка со Асоцијација за Отворена Кумуникација, Асоцијацијата на Роми од Битола "Баирска Светлина", Граѓанската Асоцијација за Демократија, Мир и Толеранција и Групата Феликс.
Предавач на трибината беше Роберто Беличанец претставник на Македонскиот Центар за Медиуми како и на Пактот на Стабилност во делот кој се однесува на Медиумите во Република Македонија додека Тодор Ивановски – Програм Менаџер во МКЦ беше модератор на трибината.
Трибината се фокусираше на влијанието на Медиумите врз секојдневниот живот на граѓаните, посебно на младите. Беше

укажано и на проблемот на непостоење на национален систем за рангирање на телевизиските програми. Во склоп на сето ова се разговараше и за Предлог Законот кој моментално е во процедура.
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**10 Октомври**
**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**НВО Младинска Алијанса**
**Прес Конференција за промоција на пилот проектот за разоружување**

Во канцеларијата на ЕЦМИ Регионалниот Центар Тетово се одржа Прес Конференција за Промоција на Пилот Проектот за Разоружување во. Носител на пилот проектот е НВО Младинска Алијанса а негови партнери се НВО Хендикеп, Центарот за Демократски Развој и Хуманитарно Здружение на Ромите од Македонија “Сонце”.

Целта на Прес Конференцијата беше промоција и подетално запознавање на јавноста со Пилот Проектот за Разоружување кој ке се имплементира во наредниве 3 месеци. Целта на Пилот Проектот е подигање на свеста на граѓаните за потребата од разоружување.
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**15 Октомври**
**Центар за Балканска соработка “ ЛОЈА”, Тетово**
**Ден на “Лоја”**

После три годишна посветеност на својата мисија и цврстата верба дека можат да придонесат за подобрување на секојдневниот живот на граѓаните, Центарот за Балканска соработка “Лоја” го организираше настанот насловен како - Денот на Лоја. Настанот се одржуваше во Домот на Културата во Тетово и успеа да ги придобие и децата и возрасните од различна етничка и културна припадност.

Презентирањето на она што го работеле во претходните години на полето на културата вроди со богата програма која вклучи изложба на цртежи и предмети изработени од деца и богата музичка претстава. Настанот беше отворен со воведниот збор на Претседателот на Извршното тело на ЦБЦ Лоја – Бујар Лума кој кратко ја појасни нивната мисија и активностите во Вавилон Центарот во Тетово и Теарце. Програмата продолжи со Детскиот Хор, Танцувачките Групи и Танцувачкиот Театар “Youth Wave” . Придонес на целата програма даде и танцувачката група на Хуманитарната Асоцијација на Ромите од Македонија “Сонце”, исто така членка на ЕЦМП Мрежата.
E-mail:cbcloja@yahoo.com or ecmite-tovo@ecmingonet.org.mk

**16 Октомври**
**Здружение за образование, култура, екологија и хуманост “МИЛЕНИУМ”**
**Посета од претставници на Кинг Бодуен Фондацијата**



Здружението за образование, култура, екологија и хуманост “МИЛЕНИУМ” беше посетено од Г-дн. Јан Балиу и Г-ѓица

Мариана Милошева – Регионални Консултанти и Г-дн. Фабрик Де Керчове – Програм Менаџер во Програмата за подобрување на меѓуетничките односи на Кинг Бодуен Фондацијата.

Целта на посетата беше запознавање со работата на “МИЛЕНИУМ” и методите кои ги применуваат за подобрување на меѓуетничките односи во нивната заедница како и во соседните општини. На средбата беше потенцирана улогата на меѓународните и домашните НВО во зајакнување на граѓанското општество.

E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk

**22 Октомври**

**Културна и Хуманитарна Асоцијација на Турците “Челебија”**

**Трибина “Етно Културата во Битола”**

Трибината “Етно Културата во Битола”, која се одржа во Хотел “Епинал” е дел од проектот “Битола Бабам Битола II”. Организирана е од Културна и Хуманитарна Асоцијација на Турците “Челебија” во соработка со "Завод, музеј и галерија" - Битола.

Проектот е дел од Програмата за подобрување на меѓуетничките односи која е спроведувана од страна на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија, Фондацијата Кинг Баундоин, Фондацијата Џејмс Стјуарт Мот и Фондацијата Алавида.

Преку трибината “Етно Културата во Битола” се направи осврт на мултниетничкиот живот на градот од 15 до 19 век. Здравка Маретиќ – етнолог и Никола Иванов – историчар со своето предавање дадоа јасна слика за начинот на живеење во тој период.

Ова претставуваше целосно заокружување на проектот по успешните изложби во претходните два месеци кои преку традиционалната облека, фотографиите и експонатите го отсликуваја економскиот,политичкиот и мултиетничкиот живот на еден од најстарите градови во Република Македонија.

E-mail: celebi_bt@hotmail.com или ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**24 Октомври**

**Форум на Албанската Жена**

**Трибина – Да ја вратиме довербата**

Во склоп на проектот “Градење доверба” се одржа третата трибината на тема “Да ја вратиме довербата” во организација на Форум на Албанската Жена во соработка со Здружението за борба против рак на дојка „Нова страна од животот“ – Штип. Овај пат местото на настанот беше селото Глоѓе во тетовскиот регион.

Целта е да се откријат и да се понудат решениа за проблемите со кои се соочуваат двете најголеми заедници по кризата во 2001 година. Учесниците покажаа голем интерест за темата која се разработуваше изразувајки волја за враќање не довербата помеѓу жителите на овај регион.

E-mail: ingfo@forumi.org.mk или ecmitetovo@ecmingonet.org.mk



# Линкови

**Европскиот Мониторинг Центар за Расизам и Ксенофобија (ЕУМЦ)**
Примарна цел на Европскиот Мониторинг Центар за Расизам и Ксенофобија (ЕУМЦ) е да овозмозаи добиванје на информации и податоци за Расизмот, Хенофобијата, Исламофобијата на ниво на Европа со цел да и помогне на Европската Унија како и оделно на земјите членки да формулираат мерки и начини на справување со расизмот и ксенофобијата.
www.eumc.at

**Глобален ИДП Проект**
Глобалниот ИДП Проект е монитор на состојбата на вратнешно раселените лица низ целиот свет. На ова веб страна ќе пронајдете репорти за состојбата со раселените лица во многу земји вклуцхувајки ја и Македонија. Има податоци за многу земји од Европа, Америка, Африка, Блискиот Исток, азија и Пацификот.
www.idpproject.org

**Иницијатива за Задничко Опстојување**
Иницијативата за Задничко Опстојување има за цел глобално да ја подигни свеста за потребата од создавање на сигурен свет за различностите. Тие работат и како стратегиски партнер, соработувајќи со индивидуалци и организации за зацврстување на заедничкото опстојување низ целиот свет.
www.coexistence.net

**Електронски весник за Мир и Решавање на Конфликти**
Електронскиот весник за Мир и Решавање на Конфликти е ресурс за студенти, провесори и практиционери на полето на редукција и елиминација на конфликти. Тој е значаен извор на информации за оние кои сакаат да работат за намалување на насилството и поголема соработка во светот.
http://www.trinstitute.org/ojpcr/

**Ненасилни Мировни Сили**
Ненасилните Мировни Сили се составени од Организации од целиот свет. Тие заедно создадоја Совет за да ја определат мисијата и насоката кон која ке се движат Мировните Сили. Мировните Сили ќе бидат испраќани во конфликтни подрачја за заштита на човековите права, создавање на услови за дијалог и мирно разрешување на конфликтите.
http://www.nonviolentpeaceforce.org

**Истражувачи Конзорциум за Конфликти**
Истражувачиот Конзорциум за Конфликти е програма која ги соединува истражувачите и практичарите од различни полиња со цел теоретско доградување и создавање на нови техники за менаџирање на конфликти. Со ова ќе се придонесе кон подобро разбирање на динамиката на конфликтите а со тоа и подобрување на методите за справување со конфликтите.
www.colorado.edu/conflict/

**Проект – Фасцилитација на Заедниците во Косово**
Проект преку кој се врши фасцилитација на заедниците на Косово е насочен кон градење на стабилност и тоа насочен кон работење од долу на горе т.е. развој на локални НВОи во Косово. Целта е да се подржат и стимулираат граѓаните на Косово да станат

решавачи на проблемите со кои се соочуваат во нивните заедници. Преку Проектот се овозможува подршка и знаење за трансформација на конфликти.
http://www.crcvt.org/community

**Толеранција и Не – дискриминација**
Непочитувањето на основните човекови права на Ромите во земјите на ОПСЕ предизвикува огромна загриженост. Извештаите за злоупотреба на Ромите најчесто како резултат на расистички предрасуди во областа на образованието, здравствена и социјална заштита односно во најголемиот дел од секторите на општествениот живот. Анализата е заеднички проект на Интернационалната Хелсиншка Федерација и Европскиот Центар за Ромски Права.
http://www.transcend.org/

**Генерален Директорат за Човекови Права**
На оваа веб страна ке ги најдете најновите информации за Рамковните Конвенции за Жаштита на Националните Малцинства. Исто така постојат податоци за: Конвенцијата за Човекови Права, Економските и Социјалните Права, Превенција од тортура, Борба против Расизмот, Еднаквост меѓу половите. Заштита на правата на Медиумите, Меѓувладина соработка, Борба против нелегалната трговија итн.
http://www.coe.int/T/E/Human_rights/

**Магнус Хирсхфелд Центар за Човекови Права**
Магнус Хирсхфелд Центарот за Човекови Права ги промовира човековите права и слободи како дел од меѓународните законски норми. Најголемо внимание посветува на заштита на човековите права на луѓето од маргините како што се децата, жените, малцинствата, религиозните и ленгвистичките групи, бисекуалците, ХИВ позитивните итн.
http://come.to/humanrights

**Интернационална Амнестија**
Интернационална Амнестија е движење низ целиот свет на луѓе кои се борат за интернационално признаените човекови права. Мисијата на ИА е да истражува и да спроведува активности во таа насока со цел справување со можностите за злоуптреба на правата на физичка и ментална злоупотреба, слободата на изразување, заштита од дискриминација. На оваа страна постои и богата библиотека.
http://web.amnesty.org

**Мрежа за Конфликт, Развој и Мир**
Целта на Мрежата за Конфликт, Развој и Мир е да го намали насилството и да им помогне на оние кои најмногу се погодени од конфликтите преку подобрување на политиката и практицирањето на конфликтната, развојната и мировната работа од страна на НВО, академските институции, консултантите и владата. Веб страната е форум на идеи, знаење и искуство.
http://www.codep.org.uk/

**Дански Институт за Човекови Права**
Целта на институтот е прибирање и развој на знаење за човековите права на национално и локално ниво. Неговата работаопфаќа истражување, информации, едукација и развој на човековите права.
www.humanrights.dk

**Репорт за Влашкото Малцинство во Македонија**

Репортот во себе ги содржи податоците за јазикот, Идентитетот, Диалектологиа и сл. На Власите во Македонија.

http://www.farsarotul.org/The%20Vlah%20Minority%20in%20Macedonia.pdf

**Набљудувачи за Човекови Права**

Како дел од Истражувањето за 2003 на оваа веб страна има дел и за Македонија во однос на развојот на човековите права, одбраната на човековите права, Улогата на Интернационалната Заедница и други информации за перформансите на оваа поле.

http://www.hrw.org/wr2k3/europe10.html

**Интернационална Федерација за Човекови Права**

Целта на Интернационалната Федерација за Човекови Права е имплементацијата на сите човекови права опфатени со Универзалната Декларација за Човекови Права и останатите интернационални инструменти кои се однесуваат на човековите права.

Интернационалната Федерација за Човекови Права спојува 115 организации кои работат на оваа поле од 90 земји. Мрежата која е создадена им овозможува експертиза и солидарност како и јасен водич кон процедурите на интернационалните организации.

www.fidh.org

**Иницијатива на Локалната Самоуправа и Јавниот Сервис**

Развојот на демократска и ефективна влада на суб-национално ниво останува една од од најважните точки на земјите во транзиција. Размената на искуства меѓу земјите ќе придонесе кон процесот на реформирање. Целта на оваа иницијатива е да ја помогне таквата соработка преку едукација.

http://lgi.osi.hu/ethnic/

**Библиотека за Менаџмент**

На оваа веб страна ќе најдете бесплатна библиотека за менџмент. Исто така содржи и линкови до најдобрите ресурси од оваа поле на интернет.

http://www.managementhelp.org

**Гетвеј Фондација за Развој**

Ова е непрофитна фондација иницирана од Џон Волферсон - Претседателот на Светска Банка во 2001 година. Гетвеј Фондацијата за Развој го овозможува развојот и тоа преку градење на информативни системи за градење на знаењето за развојот.

http://www.developmentgateway.org/node/190911/

# Грантови

**Метез Гилмор Фондација**

Фондацијата подржува стратешко планирање и програми насочени кон зајакнување и почитување на цивилните и политичките права а сакаат да ги опфатат и социјалните, културните и економските права во нивната работа. На организациите со Буџет помал од 2 милјони долари ќе им биде дадена предност. Проектите и програмите кои ги опфаќаат човековите права во областа на економијата, социјалните и културните права, едукација и сл ке имаат предност.

www.mertzgilmore.org

**Национална Донација за Демократија**

НДД подржува проекти кои ја промовираат политичката и економската слобода, зајакнато цивилно опсхтество, независни медиуми, човекови права и почитување на правото. Подржува проекти од рангот наЧ документарни филмови, мониторинг на човекови права, публикации, репорти за повредата на човековите права, истрежувања, семинари, конференции и сл.

www.ned.org

**Џон Д. И Катерин Т. Мекартур Фондација**

Целта на програмата е Глобална безбедност и одржливост и промоција на мирот во земјите и помеѓу земјите, здрав екосистем низ целиот свет и заштита на човековите права.

www.macfound.org

Се надеваме дека ова дваесет и прво издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМП Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

Swedish International Development Cooperation Agency

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

The Royal Norwegian Foreign Ministry

Swedish International Development Cooperation Agency

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de

## ЕЦМП РЕГИОНАЛНИ НВО РЕСУРСНИ ЦЕНТРИ

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани